*Николина КЕНИГ*

**УДК: 37:613.88**
**364.633**
Изворен научен труд

# ПРЕДИКЦИЈА НА ПРИФАЌАЊЕТО НА МОДЕРНИТЕ МИТОВИ ЗА СЕКСУАЛНА АГРЕСИЈА

***Кратка содржина***

*Сексуалното насилство е горлив јавно-здравствен проблем што ја засега добросостојбата на многу адолесценти. Емпириските студии покажуваат дека ставовите кон сексуалното насилство се моќни предиктори на веројатноста и за вршење сексуална агресија и за виктимизација. Затоа, сеопфатното сексуално образование, меѓу другите цели, прави силни напори, кај децата и адолесцентите да вгради негативни ставови кон насилството, особено сексуалното. Овој труд е обид да се разјасни улогата на ставовите кои го поддржуваат сексуалното насилство, на конформирањето со традиционалните родови норми и специфичното знаење за сексуалното насилство, во прифаќањето на современите митови за сексуалното насилство. Неговата главна цел е да ги информира креаторите на наставните програми и реализаторите на наставата за тоа кои се сложените врски помеѓу овие карактеристики, за да им се помогне да се создадат и да испорачаат ефикасно сеопфатното образование за сексуалноста.*

*Истражувањето е спроведено на 483 учесници (43,6 % мажи), на возраст од 18 до 24 години (M = 21,6, SD = 3,0). Резултатите сугерираат дека покрај сексистичките ставови, прифаќањето на специфични маскулини родови норми може да помогне во предвидување на согласувањето со современите митови за сексуалното насилство. Наспроти очекувањата, откриено е дека информираноста за сексуалното насилство не придонесува значително во предвидување на критериумската варијабла. Врз основа на наодите од студијата, се сугерира дека многу повеќе отколку кон обезбедување релевантни информации, сексуалното образованието треба да се фокусира кон потенцирање на потребата за воведување трансформативни родови идентитети / улоги, паралелно со воведување теми кои ја деконструираат родовата дискриминација.*

**Клучни зборови***: современи митови за сексуално насилство, родови норми, сексизам, сексуално образование*

## ВОВЕД

На глобално ниво, се проценува дека една од три жени и девојчиња ширум светот, барем еднаш во животот била подложена на насилство во романтична врска, надвор од неа, или во двете ситуации, што го прави ро-

довото насилство една од најраспространетите форми на прекршување на човековите права. Овој вид насилство започнува рано во животот на девојките: една четвртина од адолесцентките на возраст од 15 до 24 години кои биле во врска, пријавуваат најмалку едно искуство на насилство од страна на нивниот интимен партнер. Се проценува дека во истата возрасна група, 6 % се жртви на сексуално насилство од страна на лице кое не е сексуален партнер, барем еднаш во текот на животот (WHO, 2021). Многу е веројатно, овие бројки да се и многу поголеми, особено во помалку развиените земји, имајќи ги предвид општествените и психолошките бариери со кои жртвите се соочуваат при пријавување на ваквиот вид насилство.

Речиси сите препораки и стратегии за спречување родово насилство ја препознаваат важноста од воведување систематски и инклузивни наставни програми во формалното образование кои се дизајнирани така што помагаат во надминување на предрасудите, ја промовираат родовата сензитивност и односите засновани на еднаквост и ги адресираат сите форми на родова дискриминација. Евалуациите правени пред неколку децении, во своите препораки сугерираа дека и кај мажите и кај жените, едукацијата во сферата на сексуалноста може да доведе до промена на идеологијата што го поддржува сексуалното насилство (Dallager & Rosen, 1993; Lonsway, 1996).

Во последнава деценија, сеопфатното сексуално образование (ССО) станува меѓународно призната програма која е клучна влезна точка во образовниот систем, за промовирање на родовата еднаквост и правата на младите, на тој начин играјќи важна улога во борбата против сексуалното насилство и погенерално, родово базираното насилство. Оваа едукативна програма, поддржана од неколку агенции на Обединетите нации, им дава на тинејџерите можности да стекнат широки, точни, научно засновани информации за сексуалноста соодветни на нивната возраст, поддржувајќи ги на тој начин да прават информирани избори за да живеат безбеден, продуктивен, исполнет живот, ослободен од различни здравствени ризици. Таа има за цел да ги оспособи децата и младите со знаења, вештини, ставови и вредности што ќе им овозможат да ги разберат начините на кои родовите норми можат да влијаат на нееднаквоста, како и тоа како овие нееднаквости можат да ги спречат напорите за надминување на проблемите како што се: пренесување сексуални инфекции, тинејџерски бремености и подложност на родово базирано насилство.

Постојат солидни докази кои покажуваат дека ССО, особено кога се изведува во рамките на формалното школување, има позитивни ефекти врз информираноста на младите, врз подобрувањето на нивните ставови поврзани со прифаќање на сексуалните права, како и врз намалување на родовите стереотипи (на пр. Fonner et al., 2014; Kenig & Kostovski, 2019; Kirby, 2008; UNESCO, 2016). Маклеф и соработниците (Macleff et al., 2019) неодамна заклучија дека ССО може да помогне во спречување и во соодветно реагирање на насилството во интимни релации, канализирајќи го

барем делумно процесот на промена на ставовите и на односот кон родовите норми. Во нивната експериментална студија, тие откриваат статистички значајни подобрувања во две од трите прашања за знаење во врска со насилството, по изложеноста на учениците на 20-часовна обука по ССО. Интересно е тоа што квантитативната анализа укажала на промена на само неколку ставови за родовите односи, но не и во ставовите за прифатливоста на насилството. Нивните квалитативни наоди ги посочуваат попрецизно начините на кои CSE придонесува за идентификуваните промени. Главниот придонес на овој вид образование тие го гледаат токму во можноста за вклучување на учениците во критичко промислување на ефектите од родовите норми врз насилството. Овој партиципативен пристап дополнително им овозможил и да ги дознаат и идентификуваат видовите на насилство во партнерските врски, а тие исто така стекнале сознанија и како да бараат помош и асертивно да ги комуницираат своите искуства и чувства.

И покрај генералното препознавање на потребата за сексуално образование, сè уште не е сосема јасно кои се најефикасните начини на нејзино спроведување, особено во контекст кога тоа се справува со културно сензитивни прашања или се соочува со социјална опозиција (UNESCO, 2015). Поради тоа, кој било вид на емпириски доказ за тоа како да се постават стандардите за испорака на основните теми на ССО е повеќе од добредојден. Појдовно прашање на ова истражување е да се идентификува, дали освен улогата на сплетот од неколку сродни сексистички ставови (верувања за антагонизам меѓу половите, хостилен и беневолентен сексизам) чија поврзаност со мисконцепциите за сексуално насилство е веќе добропотврдена, критичкото прифаќање на родовите норми и специфичното знаење за сексуалното насилство, може да помогнат во редукција на прифаќањето на модерните митови за сексуална агресија.

**Релевантни истражувања**

Митовите за силување широкораспространети верувања чија главна улога е да бидат механизам преку кој жртвите на сексуално насилство се обвинуваат за нивната виктимизација (Ryan, 2011). Иако во текот на изминатите децении митовите за силување кои блатантно фрлаат вина врз жртвите и ја рационализираат агресијата на сексуалните агресори стануваат сè помалку социјално прифатливи, сè уште опстојуваат посуптилните верзии на формулирање на овие верувања, кои упатуваат на тоа дека жените самите го предизвикале нападот, или, дека насилството било на некој начин оправдано, или, дури, дека жртвите претеруваат односно дека лажат (Hockett, Saucier & Badke, 2016; Saucier et al., 2015). Користејќи ја рамката на социјално-психолошката и феминистичка теорија, Burt (1980) беше една од првите истражувачи кои понудија емпириски докази дека високиот степен на прифаќање на митовите за силување може да се предвиди врз основа на прифаќање родови стереотипи, уверување за антагонистички

сексуални ставови меѓу мажите и жените и одобрување на интерперсоналното насилство. Во студиите за влијанието на сексистичките убедувања кон жените, најдено е дека хостилниот и беневолентниот сексизам се значајни корелати на рационализирање на сексуалното насилство (на пр. Kenig, 2015), односно на перцепцијата на сексуалниот напад како заслужена реакција, врз основа на тоа што жртвите прекршуваат релевантни родови норми (Abrams et al., 2003; Canto, Perles and Martin, 2014; Rollero and Tartallia, 2019).

Последиците од верување во митовите за силување се сериозни, што обезбедува дополнителна поддршка за тоа зошто треба темелно да се испита неговата поврзаност со повеќе варијабли кои се потенцијални предиктори. Оттука, сосема оправдано, ставовите кон жените и кон родовата рамноправност се сместени во фокусот на истражувањата во врска со родовото насилство, особено сексуалното. Се смета дека тие играат клучна улога во дезинхибирањето на сексуалното насилство и во тоа како заедницата на него реагира. Постојат цврсти докази за поврзаноста помеѓу вредностите и верувањата кои го поддржуваат насилството и неговото манифестирање во однесувањето, како на индивидуално ниво, така и на ниво на заедница. Адолесцентите и возрасните мажи кои се согласуваат со верувања кои во основа поддржуваат сексуална агресија, се повеќе сексуално насилни во однесувањето или пријавуваат повисока склоност кон силување (Anderson, Simpson-Taylor, & Hermann, 2004; Bohner et al., 2005; Chirroro, 2004).

Ригидното конформирање на традиционалните родови норми исто така се смета за потпорен столб на сексуалното насилство. Постои солиден корпус на докази дека мажите кои се идентификуваат со традиционалната родова улога се повеќе склони кон вршење родово засновано насилство (на пр. Chapleau, Oswald, & Russell, 2007; Heise, 1998; Herrero, 2017; Santana et al., 2006; O'Neil & Harway, 1997) додека, пак, жените кои се идентификуваат со традиционалната женска улога помалку пријавуваат злоупотреба од страна на нивните партнери (на пр. Harris, Firestone, & Vega, 2005). Истражувањата произлезени од теоретската рамка за амбивалентен сексизам, сугерираат дека конформирањето со традиционалните родови улоги кај двата пола е поврзано со повисока тенденција за префрлање на одговорноста за сексуалниот напад на самите жртви, како и генерално, со повисок степен на прифаќање на митовите за силување (Chapleau et al., 2007 Chiara & Tartaglia, 2019).

Важен исчекор во концептуализацијата и мерењето на прифаќањето на сексуалното насилство се случи со развивањето на Скалата за прифаќање современи митови за сексуална агресија, со цел да се надминат проблемите кои произлегуваат од искуствата со претходните мерки за митовите за силување - главно, нивната подложност на политички коректно одговарање. Авторите на оваа релативно нова скала (Gerger et al., 2013), во неа вклучуваат посуптилни формулации за да ја „маскираат" пожелноста при одговарање на тврдењата поврзани со сексуалната агресија, нејзините

жртви, политиките поврзани со негово превенирање и казнување, како и сфаќањата за корените на сексуалното принудување. Тие тврдат дека претходните инструменти, особено Илиноис скалата за прифаќање на митовите за силување, не прави фини разлики во дефинициите меѓу митовите и општите ставови за насилство. За да се избегнат социјално пожелните одговори, предлагаат ајтеми кои ги земаат предвид увидите од истражувањата на модерниот сексизам и расизам. Во неколку понови студии, за скалата на современи митови се тврди дека е високорелијабилна, а доказите за нејзината конвергентна и предиктивна валидност се мошне уверливи (Hantzi, et al, 2015; Megias et al, 2011). Високо корелира со верувањата за антагонизам меѓу половите, стереотипите за родовите улоги, сексуалниот конзервативизам, и оправдувањето на полово специфичните мерки, како и со информираноста за сексуалната репродукција (Aronowitz et al., 2012; Watson, 2016).

Ако се земат предвид претходно изнесените наоди, разбирливо е тоа што ставовите кои го поддржуваат сексуалното насилство, особено митовите за силување и сексистичките гледишта, заедно со традиционалните родови норми кои се потпорниот систем на вредностите за нивното одобрување и манифестирање во однесувањето, имаат третман на клучна мета за промени во различните едукативни кампањи и програми насочени кон справување со родово заснованото насилство. Главната цел на ова истражување е да се провери дали, покрај улогата на ставовите кои го поддржуваат сексуалното насилство (верувања за антагонизам меѓу половите, хостилниот и добронамерен сексизам), конформирањето на родовите норми и специфичните знаења за сексуалното насилство играат некаква улога во прифаќањето на современите митови за сексуална агресија. Се надеваме дека одговорот на прашањето дали повисокиот степен на конформирање кон традиционалните родови норми и отсуството на специфични знаења во врска со сексуалното насилство исто така учествуваат во прифаќањето на митовите, ќе помогнат во адекватно информирање на креаторите на програмите за сексуално образование, како и на наставниците кои го реализираат.

## МЕТОД

### *Примерок*

Примерокот опфати 483 учесници (43,6 % од машки пол), сите Македонци, кои живеат во 17 различни градови во земјата (42 % од Скопје). Нивната возраст се движи во распонот од 18 до 24 години (M = 21,6, SD = 3,0). Мнозинството испитаници имаат завршено средно училиште (78,2 %), а останатите и факултет. Скоро половина (47,9 %) изјавиле дека се во романтична врска, 36 % дека не се во врска, а останатите не се изјасниле за овој статус.

*Инструменти*

**Прифаќањето на современите митови за сексуална агресија** (Acceptance of Modern Myths of Sexual Aggression - AMMSA) е мерено со истоимената скала која се состои од 30 ајтеми што идентификуваат одобрување на посуптилно изразени уверувања кои ја поддржуваат сексуалната агресија, преку нејзино минимизирање, или припишување на одговорноста за насилството на жртвите, или, на различните контексти во кои тоа се одвивало. Така, во споредба со традиционалните скали кои мерат прифаќање митови за силување, просеците од овој инструмент добиени во неколку крос-културни студии се многу повисоки, а дистрибуциите се блиску до нормалната (Gerger et al., 2007).

**Скалата за антагонизам меѓу мажите и жените** (The Adversarial Sexual Beliefs Scale - ABS) служи за да се процени во кој степен испитаниците веруваат дека хетеросексуалните интерперсонални односи неизбежно се засноваат на прифаќање на ривалството и на стереотипните родови улоги. Со неа се мери степенот на прифаќање на антагонистичките улоги помеѓу жените и мажите како „нормален" дел од нивните интимни релации. Авторите на скалата тврдат дека при изработката на ајтемите, воделе сметка за тоа да се фокусираат пред сè на природата на односот меѓу двата пола, наместо кон стереотипите кои преовладуваат за кој било пол (Lonsway & Fitzgerald, 1995).

Беневолентниот („добронамерен") и хостилниот сексизам беа мерени со **Инвентарот за амбивалентен сексизам** (Ambivalen Sexism Innventory – ASI), односно двете истоимени супскали на овој инструмент, конструиран од Глик и Фиски (Glick & Fiske,1997). Хостилниотт сексизам одразува јасна негативна реакција кон жените, кои се перципираат како сексуално манипулативни или како некои кои би можеле да ги загрозат моќта или статусот на мажите. Беневолентниот сексизам, пак, навидум е благонаклонет кон жените, помагачки и просоцијален, но во суштина е патронизирачки. Инвентарот се состои од 22 ајтеми, по 11 за секоја супскала. Повисок скор индицира повисок степен на прифаќање на обата вида сексизам.

Степенот на конформирањето со родовите норми е утврдуван со помош на два комплементарни инструменти, секој задаван само на учесници во истражувањето од соодветниот пол. Едниот е Инвентарот за конформирање со феминините родови норми (**Conformity to Feminine Norms Inventory** - CFNI-45) а другиот е Инвентарот за конформирање со маскулините норми (**Conformity to Masculine Norms Inventory -** CMNI-46). Двата инструмента се модификација на подолгите оригинални верзии, развиени од страна на Перент и Моради (Parent and Moradi, 2010; 2010б). Според авторите, овие инструменти ја проценуваат нормативната мажественост и женственост во поширока смисла, земајќи ги предвид и однесувањето, но и афективното и когнитивното усогласување со родовите норми (Mahalik

et al., 2003). Испитаниците одговараат користејќи 5 степени на согласување, при што повисоки скорови значат поизразено прифаќање на правилата и стандардите што се очекуваат од нормите за сопствениот пол. „Машката“ скала се состои од 9 супскали: *Компетитивност, Емоционална контрола, Преземање ризици, Насилност, Плејбој идентитет, Независност, Примерност на работата, Моќ над жените Хетеросексуална себепрезентација*.

Факторската структура на „женската скала“, исто така вклучува 9 димензии организирани во супскали: *Виткост, Скромност, Домаќинство, Изглед, Одржување пријателства, Љубезност, Грижа за деца, Сексуална верност* и *Романтичност*.

Запознаеноста со факти за сексуалното насилство и со тоа како истото може да се манифестира преку однесувањето, беше мерено со тест на знаење за сексуално насилство, составен од 5 прашања релевантни за темата (на пример, која е минималната возраст за давање сексуална согласност, или, кое од опишаните однесувања претставува сексуално вознемирување). Прашањата беа составени специјално за целите на ова истражување. Сите прашања се со повеќечлен избор, со три алтернативи и еден точен одговор. За секој точен одговор се добива еден поен, а за неточните одговори не беа одземени поени.

### *Постапка*

Сите испитаници учествуваа во истражувањето доброволно, врз основа на претходно дадена информирана согласност. Нивното учество не вклучуваше никаков вид на компензација. Учесниците одговараа на опишаните инструменти преку прашалници поставени на интернет, а испратени на нивните лични електронски адреси. Процесот на собирање податоци се одвиваше во април 2021 година.

### *Статистичка обработка*

Покрај дескриптивните статистици и коефициентите на внатрешна хомогеност, беше спроведен Шапиро-Вилк тест за проценка на нормалноста на дистрибуциите на вклучените варијабли. Разликите во однос на полот во просеците за ставовите и знаењето беа тестирани со t-тест за независни групи. За да се анализира ефектот на предикторските варијабли во предвидувањето на одобрувањето на современите митови за сексуалната агресија, беше користена хиерархиска мултипла регресија. Анализата е извршена од статистички софтвер SPSS 20.

## РЕЗУЛТАТИ

Аритметичките средини, стандардните отстапувања, коефициентите на внатрешна конзистентност и вредностите на Шапиро-Вилк тестот за

вклучените варијабли се претставени на *табела 1*. Сите инструменти имаат задоволителни коефициенти на релијабилност, освен тестот на знаење чија внатрешна хомогеност, која е нешто под критичната вредност од $\alpha$ = ,60 може да се смета за прифатлива земајќи го предвид бројот на вклучени ајтеми.

*Табела 1.*

***Дескриптиви за прифаќање модерни митови за сексуално насилство, антагонизам меѓу мажите и жените, беневолентен и хостилен сексизам, конформираност со родови норми и информираност за сексуално насилство***

| | *M* | *опсег* | *N* | *SD* | *α*-coef. | Shapiro-Wilk |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **AMMSA -** Прифаќање на современите митови за сексуална агресија | 3,53 | 1-7 | 483 | 1,3 | ,92 | 1,00 |
| **ABS -** Скала за антагонизам меѓу мажите и жените | 2,81 | 1-5 | 483 | ,90 | ,80 | ,98** |
| **BS -** Беневолентен сексизам | 3,30 | 1-5 | 483 | ,70 | ,72 | ,98** |
| **HS -** Хостилен сексизам | 2,76 | 1-5 | 483 | ,87 | ,85 | ,99* |
| **ТЗС**- Тест на знаење за сексуално насилство | 2,5 | 0-5 | 483 | 1,03 | ,55 | ,92** |
| **CFNI 45 -** Инвентар за конформирање со феминини родови норми | 3,31 | 1-5 | 271 | ,39 | ,62 | ,99* |
| **CMNI 46 -** Инвентар за конформирање со маскулини родови норми | 2,65 | 1-5 | 211 | ,47 | ,73 | 1,00 |

*Забелешка*. Сите аритметички средини и стандардни девијации се трансформирани на нова скала во согласност со степените на Ликертовата скала на која се давани одговорите. Исклучок е само тестот на знаење, каде се претставени сирови резултати.

*$^{**}p<,01$; $^{*}p<,05$*

*Табела 2* ги покажува просеците и стандардните отстапувања на вклучените варијабли раздвоени врз основа на полот на испитаниците, како и t - вредностите и вредностите на големина на ефектот на разликата. Освен во информираноста за сексуалното насилство, жените и мажите значително се разликуваат во однос на сите други варијабли. Машките имаат значително повисок просек во прифаќањето на современите митови, хостилниот сексизам (многу голем ефект) и повеќе веруваат во релациски антагонизам од жените (среден ефект), додека жените во поголем степен од мажите го прифаќаат беневолентниот сексизам, со мал ефектот на разлика.

*Табела 2.*
***Разлики меѓу половите во просеците на предикторите: ставови и знаење***

| | M | SD | M | SD | F | t | d✦ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Жени* | | *Мажи* | | | | |
| Современи митови за сексуална агресија | 3,11 | ,90 | 3,97 | ,98 | ,44 | 10,04** | ,91 |
| Беневолентен сексизам | 3,36 | ,73 | 3,21 | ,64 | 2,87 | -2.40* | ,21 |
| Хостилен сексизам | 2,39 | ,77 | 3,23 | ,74 | 1,48 | *11.94*** | 1,20 |
| Антагонизам меѓу мажите и жените | 2,68 | ,85 | 2,98 | ,93 | 1,86 | *3,69*** | ,34 |
| Знаење за сексуално насилство | 2,54 | 1,07 | 2,45 | ,98 | 2,60 | ,90 | / |

**p<,05,**p<,01.*

✦*Cohen d* = до 0,2 = мал ефект; 0,5 = среден ефект; 0,8 = голем ефект; над 0,8 = многу голем ефект.

Со цел да се спореди улогата на знаењето, релевантните ставови и конформираноста со родовите норми во прифаќањето на современите митови за сексуална агресија, беа направени две хиерархиски регресии - една за испитаниците од женски и друга за тие од машки пол. Статистичките тестови потврдија дека и за двете вклучени групи се исполнети потребните предуслови за спроведување регресивна анализа. Како што може да се види на *табела 1*, дистрибуцијата за зависната варијабла не отстапува од нормалната, а VIF- вредностите сугерираат дека не постои мултиколинеарност меѓу предиктор-варијаблите (VIF е во опсег од 1,01 до 1,65). За да се провери дали идентификувањето со родовите норми и знаењето за сексуалното насилство може да придонесат во предикцијата на изразеноста на современите митови за сексуалноста, беше користена хиерархиска мултипла регресија. Скоровите за ставовите за кои има веќе воспоставени високи корелации од претходни истражувања, беа внесени во чекорот 1 од анализата. Во чекор 2 се внесени мерките за прифаќање на родовите норми, а скорот за информираност, во чекор 3 од анализата.

Наодите од регресија се прикажани во *табела 3*. Со првиот чекор се предвидуваат 53 % од вкупната варијанса на критериумската варијабла. Во оваа фаза, и за мажите и жените (*B*=,65, p<,01), хостилниот сексизам е најсилниот предиктор, додека беневолентниот, споредено со верувањето во антагонизмот меѓу мажите и жените, ја предвидува зависната варијабла подобро кај испитаниците од женски пол. Со додавање на варијаблата конформираност со родовите норми, моделот се подобрува само малку – заедничката варијанса е повисока за 3 % кај мажите и за 1 % кај жените. Парцијалната корелација за прифаќање на женските родови норми изнесува $r_{partial}$=,13, *p*<,5, меѓутоа, корелацијата, со критериумот, независно од останатите варијабли не е статистички значајна (*r* =,05, *p*>,05). Парцијалната

корелација за маскулините норми е повисока $r_{partial}=0{,}18$, $p<{,}01$, а значајна е и корелацијата меѓу нив независно од останатите варијабли ($r={,}54$, $p<{,}01$). Внесувањето на информираноста за сексуалното насилство во моделот со чекор 3, не обезбеди подобро предвидување ниту за машките ниту за женските испитаници.

*Табела 3.*

***Модели на хиерархиска регресија за предвидување на современите митови за сексуалното насилство***

| Модел и предиктор варијабли | | $R^2$ | $\Delta R^2$ | B | Zero Ord.r | Partial r | $R^2$ | $\Delta R^2$ | B | Zero Ord.r | Partial r |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Машки | | | | | | | | | |
| | Чекор 1 | ,53 | ,53** | | | | ,53 | ,53** | | | |
| 1 | Беневолентен сексизам | | | ,30** | ,40** | ,26** | | | ,23** | ,46** | ,55** |
| | Хостилен сексизам | | | ,65** | ,67** | ,53** | | | ,65** | ,70** | ,24** |
| | Антагонизам меѓу мажите и жените | | | ,26** | ,52** | ,29** | | | ,12* | ,48** | ,14* |
| | Чекор 2 | ,56 | ,02* | | | | ,54 | ,01* | | | |
| 2 | Беневолентен сексизам | | | ,28** | ,40** | ,26** | | | ,24** | ,46** | ,55** |
| | Хостилен сексизам | | | ,57** | ,67** | ,53** | | | ,64** | ,70** | ,25** |
| | Антагонизам меѓу мажите и жените | | | ,20** | ,52** | ,29** | | | ,12* | ,48** | ,14* |
| | Конформираност со родовите норми | | | ,33** | ,54** | ,18** | | | ,20* | ,05 | ,13* |
| | Чекор 3 | ,56 | ,00 | | | | ,54 | ,00 | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Беневолентен сексизам | ,28** | ,40** | ,26** | | ,20** | ,46** | ,55** |
| | Хостилен сексизам | ,57** | ,67** | ,53** | | ,56** | ,70** | ,25** |
| | Антагонизам меѓу мажите и жените | ,21** | ,51** | ,29** | | ,12* | ,48** | ,14* |
| | Конформираност со родовите норми | ,32** | ,54** | ,18** | | ,09* | ,05 | ,10 |
| | Знаење за сексуално насилство | ,30 | ,01 | ,05 | | ,01 | ,00 | ,00 |

*$p < ,05$. **$p < ,01$.*

Конечно, *табела 4* ги прикажува корелациите помеѓу специфичните димензии на родовите норми и прифаќањето на современите митови за сексуално насилство. Во согласност со наодот дека вкупниот резултат на конформирањето со феминините родови норми не е во корелација со зависната варијабла, ниту една од деветте димензии, исто така не е поврзана со неа. Во однос на конформирањето со маскулините норми, како што можеше да се очекува, постојат само четири димензии што не се поврзани со прифаќањето на сексуално насилство. Особено голема веројатност за давање поддршка на ставовите за сексуална агресија имаат мажите кои повеќе се склони кон согласување со доминацијата над жените и оние кај кои е изразена потребата од хетеросексуалната самопрезентација.

*Табела 4.*
***Корелации на димензиите на родов идентитет со прифаќање на митовите за сексуална агресија***

Мажи (N=211)

| Плејбој идент. | Хетеросекс. себе-презентација | Примерност на работата | Независност | Емоцион. контрола | Моќ над жените | Преземање ризици | Насилност | Компетитивност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ,21** | ,38** | -,03 | ,36** | ,08 | ,54** | ,22** | ,23** | ,01 |

| *Жени (N=272)* | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Љубез-ност | Одр-жување прија-телства | Из-глед | Гри-жа за деца | Сек-суал-на вер-ност | Дома ќин-ство | Скром-ност | Вит-кост | Ро-ман-тич ност |
| ,03 | -,06 | -,01 | ,01 | -,01 | ,03 | ,10 | ,04 | ,11 |

*$^{*}p < ,05.$ $^{**}p < ,01.$*

## Дискусија

Наспроти обемната литература во која се известува за различни предиктори на степенот на прифаќање на митовите за силување, извештаите од истражување за предикција на современите митови за сексуална агресија сѐ уште се мошне оскудни. Во овој труд беше предложен модел за ефектот на сплет од сексистички ставови (хостилен и беневолентен сексизам и верување за антагонизам меѓу мажите и жените), идентификацијата со традиционалните родови норми и информираноста за сексуалното насилство. Наодите се во согласност со оние од достапниот корпус во литературата каде се потврдени ефектите на отворениот сексизам врз прифаќањето на сексуално насилство (на пр. Canto et al., 2014; Fedi & Rollero, 2016) и уште еднаш ја потврдуваат потребата од поинтензивно фокусирање на т.н. добронамерни форми кои ја оправдуваат спротивставената бинарност на родовите улоги (Glick et al., 2004). Ефектите од конформирањето со традиционалните родови улоги, иако се многу мали во споредба со тие поврзани со сексистичките ставови, не се сосема ирелевантни. Наспроти очекувањата, пак, резултатите покажаа дека и машките и женските адолесценти ги прифаќаат овие современи митови, без оглед на тоа колку добро се информирани за релевантни прашања на оваа тема.

Како заклучок, наодите сугерираат дека едукативните програми кои, меѓудругото, имаат за цел да ги редуцираат современите митови за сексуалното насилство, треба да ја земат предвид клучната улога не само на отворено хостилните ставови кон жените и верувањата дека во суштина двата пола се во некаков компетитивен однос, туку еднакво важно, и навидум наивните добронамерни стереотипизации и крутите родови норми, кои се очигледно фактор на засилување на митовите кои поддржуваат сексуално насилство. Покрај содржините и педагошките практики насочени кон елиминирање на ваквите сексистички ставови, програмите како ССО треба да вклучуваат и ефективни стратегии кои имаат за цел да го деконструираат есенцијалистичкиот став дека традиционалните родови

улоги се природни, непроменливи или здрави. Јасно е дека посебно внимание треба да се посвети на подигнување на свесноста за штетноста од идентификацијата со одредени аспекти на традиционалните норми за мажественост, пред сè, хегемоната маскулиност. За дел од нив веќе е документирано дека се ризични по индивидуалното здравје на младите мажи (Kenig, 2020; Noar & Morokoff, 2002; Reidy et al, 2016). Згора на тоа, ова истражување идентификува речиси комплементарен збир од димензии на маскулиноста, кој е опасен од аспект на тоа што претставува потенцијална поддршка за вршење родово засновано насилство. Препорачливо е, програмите чија цел е редукција на овој вид насилство, како што е ССО, да ја направат важната разлика од перспектива на функцијата на секоја одделна димензија. Потребата за доминацијата над жените, презирот кон хомосексуалноста, одобрувањето насилство, па дури и склоноста кон потпирање на себе си и преземање ризици имаат улога во поддршка на сексуалната агресија, што не е случај со на пример, потребата за натпреварување или примарноста на кариерата како димензии на традиционалната маскулиност.

Фактот дека информираноста не беше идентификувана како значаен предиктор, не ја исклучува нужно важноста на овој аспект, но неизбежно нè води до трите главни ограничувања на ова истражување. Прво, тоа е од експлораторна природа и не се заснова на одреден теоретски модел. Примерокот е пригоден, а со тоа и потенцијално пристрасен. Во просек, испитаниците се наоѓаат во доцна адолесценција, додека потенцијалните учесници вклучени во програмите за сексуално образование се обично многу помлади. Конечно, најважното ограничување е должината на тестот со кој се тестираше знаењето за сексуално насилство. Тоа очигледно ја загрози и релијабилноста и дискриминативноста на мерењето. Идните истражувања, неспорно треба да ги направат сите напори да се надмине овој недостаток.

**References**

Abrams, D., Viki, G. T., Masser, B., & Bohner, G. (2003). Perceptions of stranger and acquaintance rape: the role of benevolent and hostile sexism in victim blame and rape proclivity. *Journal of Personality and Social Psychology, 84*(1), pp. 111-125.

Anderson, V. N., Simpson-Taylor, D., & Hermann, D. J. (2004). Gender, age, and rape-supportive rules. *Sex Roles: A Journal of Research, 50*, pp. 7-20.

Aronowitz, T., Lambert, C., & Davidoff, S. (2012). The role of rape myth acceptance in the social norms regarding sexual behavior among college students. *Journal of Community Health Nursing, 29*(3), pp. 173-182. doi: 10.1080/07370016.2012.697852 7-90.

Bohner, G., Siebler, F., & Schmelcher, J. (2006). Social norms and the likelihood of raping: Perceived rape myth acceptance of others affects men's rape proclivity. *Personality & Social Psychology Bulletin, 32*(3), pp. 286-297.

Burt, M. (1980). Cultural myths and supports for rape. *Journal of Personality and Social Psychology, 38*, pp.217-230.

Canto, J. M., Perles, F., & Martín, J. S. (2014). The role of right-wing authoritarianism, sexism and culture of honour in rape myths acceptance/El papel del autoritarismo de derechas, del sexism y de la cultura del honor en la aceptación de los mitos sobre la violación. *Revista de Psicología Social*, *29*(2), pp.296-318.

Chapleau, K. M., Oswald, D. L., & Russell, B. L. (2007). How ambivalent sexism toward women and men support rape myth acceptance. *Sex Roles*, *57*(1-2), 131-136.

Chapleau, K., Oswald, D. L., & Russell, B. L. (2008). Male rape myths: The role of gender, violence, and sexism. *Journal of Interpersonal Violence, 23*(5), pp. 600-615. doi: 10.1177/0886260507313529

Chiroro P, Bohner G, Viki G.T. and Jarvis C.I. (2004). Rape Myth Acceptance and Rape Proclivity: Expected Dominance Versus Expected Arousal as Mediators in Acquaintance-Rape Situations. *Journal of Interpersonal Violence*, *19(4),* pp.427-442. doi:10.1177/0886260503262081

Dallager, C. & Rosen, L.A. (1993). Effects of a human sexuality course on attitudes toward rape and violence. *Journal of Sex Education and Therapy,19*, pp.193-199.

Fonner, V. A. Kevin S. Armstrong, K.S, Kennedy, C.E., O'Reilly, K.R. & Sweat, M.D. (2014). School Based Sex Education and HIV Prevention in Low- and Middle-Income Countries: A Systematic Review and Meta-Analysis, *PLoS ONE, 9* (3) p. e89692. http://doi.org/10.1371/journal.pone.0089692

Gerger, H., Gerger, H., Kley, H., Bohner, G., & Siebler, F. (2007). The Acceptance of Modern Myths about Sexual Aggression (AMMSA) scale: Development and validation in German and English. *Aggressive Behavior, 33,* pp. 422-440.

Gerger, H., Kley, H., Bohner G., Siebler, F. (2013). Acceptance of Modern Myths about Sexual Aggression (AMMSA) scale. *Measurement Instrument Database for the Social Science*. Retrieved from www.midss.ie

Glick, P. & Fiske, S. T. (1996). The Ambivalent Sexism Inventory: Differentiating hostile and benevolent sexism. *Journal of Personality and Social Psychology, 70*, pp. 491-512.

Hantzi, A., Lampridis, E., Tsantila, K. & Bohner, G. (2015).Validation of the Greek Acceptance of Modern Myths about Sexual Aggression (AMMSA) Scale: Examining Its relationships with sexist and conservative political beliefs International *Journal of Conflict and Violence 9(1)*, pp.121-133.

Harris, R. J., Firestone, J. M., & Vega, W. A. (2005). The interaction of country of origin, acculturation, and gender role ideology on wife abuse. *Social Science Quarterly, 86*, pp. 463-483.

Heise, L. L. (1998). Violence against women: An integrated, ecological framework. *Violence Against Women, 4*, pp.262-290.

Herrero, J., Torres, A., Rodríguez, F. J., & Juarros-Basterretxea, J. (2017). Intimate partner violence against women in the European Union: The influence of male partners' traditional gender roles and general violence. *Psychology of Violence, 7*(3), pp. 385–394. https://doi.org/10.1037/vio0000099

Kenig, N. (2015). Exploration of Rape Myth Acceptance Predictors: The Role of Gender, Education, Sexism and Gender Norms. *International Conference on Theory and Practice in Psychology – selected articles,* 1/1, pp. 443-467.

Kenig, N. (2020). Conformity to Masculine Norms and Its Effects on Men's Well-Being. *The Annual of the Faculty of Philosophy in Skopje, 73*, 171-82. DOI:10.37510/godzbo2073171k

Kenig, N. & Kostovski, D. (2019). Gender Differences in the Effects of Comprehensive Sexuality Education, *Journal for Reattach Therapy and Developmental Diversities*, Vol. 2, pp. 40-50.

Kirby, D. B. (2008). The Impact of Abstinence and Comprehensive Sex and STD/HIV Education Programs on Adolescent Sexual Behavior, *Sexuality Research and Social Policy,* 5(3), pp. 18–27. http://doi.org/10.1525/srsp.2008.5.3.18

Lonsway, K.A. (1996). Preventing acquaintance rape through education: What do we know? *Psychology of Women Quarterly. 20*, pp. 229-265.

Lonsway, K. A., & Fitzgerald, L. F. (1995). Attitudinal antecedents of rape myth acceptance: A theoretical and empirical reexamination. *Journal of Personality and Social Psychology, 68*(4), pp. 704–711.

Mahalik, J. R., Locke, B. D., Ludlow, L. H., Deimer, M. A., Scott, R. P., Gottfriend, M. (2003). Development of the Conformity to Masculine Norms Inventory. *Psychology of Men & Masculinity, 4*, pp. 3–25.

Megías, J.L., Romero-Sánchez, M., Durán, M., Moya, M., & Bohner, G. (2011). Spanish validation of the Acceptance of Modern Myths about Sexual Aggression scale. *Journal of Psychology, 14*(2), pp. 912-25. doi:10.5209/rev_sjop.2011.v14.n2.37.PMID: 22059335

McMahon, S., & Farmer, G. L. (2011). An updated measure for assessing subtle rape myths. *Social Work Research, 35*, pp. 71–81. doi:10.1093/swr/35.2.71

Noar, S.M., and Morokoff, P.J. (2002). The relationship between masculinity ideology, condom attitudes, and condom use stage of change*: A structural equation modeling approach. International Journal of Men's Health, 1(1),* pp. 43–58.

O'Neil, J. M., & Harway, M. (1997). A multivariate model explaining men's violence toward women: Predisposing and triggering hypotheses. *Violence Against Women, 3,* pp. 182-203

Parent, M.C. & Moradi, B. (2010). Confirmatory Factor Analysis of the Conformity to Feminine Norms Inventory and Development of an Abbreviated Version: The CFNI-45. *Psychology of Women Quarterly*. *34(1),* pp. 97-109. doi:10.1111/j.1471-6402.2009.01545

Parent, M. C., Moradi, B. (2010b). Confirmatory factor analysis of the Conformity to Masculine Norms Inventory and development of the CMNI-46. *Psychology of Men & Masculinity, 10*, pp. 175–189.

Reidy, D. E., Brookmeyer, K. A., Gentile, B., Berke, D. S., and Zeichner, A. (2016). Gender Role Discrepancy Stress, High-Risk Sexual Behaviour, and Sexually Transmitted Disease. *Archives of Sexual Behavior, 45(2),* pp. 459–465.

Rollero, C. & Tartaglia, S. (2019). *The effect of sexism and rape myths on victim blame*. Open Access. DOI:10.1007/s12119-018-9549-8

Ryan, K. M. (2011). The relationship between rape myths and sexual scripts: The social construction of rape. *Sex Roles*, *65* (11-12), pp. 774-78

Santana, M.C., Raj, A., Deck, M.R., La Marche, A., Silverman, J.G. (2006). Masculine gender roles associated with increased sexual risk and intimate partner violence perpetration among young adult men. *Journal of Urban Health.* 83(4), 575–585. doi: 10.1007/s11524-006-9061-6.

UNESCO. (2016). *Review of the evidence on sexuality education. Report to inform the update of the UNESCO International Technical Guidance on Sexuality Education*, University of Oxford Centre for Evidence-Based Intervention. Paris, UNESCO

United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization (UNESCO). *Emerging Evidence: Lessons and Practice in Comprehensive Sexuality Education: A Global Review*. Paris: UNESCO; 2015. https://www.unfpa.org/sites/default/files/pub-pdf/CSE_Global_Review_2015.pdf.

Watson, L.C (2016). *Exploring the Psychometric Properties of the Acceptance of Modern Myths about Sexual Aggression (AMMSA) Scale*. Electronic Theses and Dissertations, Georgia Southern University, https://digitalcommons.georgiasouthern.edu/etd/1339

WHO (2021). *Violence against women prevalence estimates, 2018. Global, regional and national prevalence estimates for intimate partner violence against women and global and regional prevalence estimates for non-partner sexual violence against women.* Geneva: Department of Sexual and Reproductive Health and Research World Health Organization.